Март, 2003

# ЕЦМП НВО Мрежа Информатор # 15

## ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија

Ова е информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија. Оваа мрежа е резултат на заедничката иницијатива помеѓу Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП), од Фленсбург, Германија и членките на Мрежата. Оваа Мрежа ќе ја зголеми соработката на НВОи-членки кон развој и унапредување на меѓуетничката толеранција, почитување на разликите и дијалогот помеѓу оние кои живеат во Република Македонија. Посебно, оваа НВО Мрежа цели да ги зајакне капацитетите на НВОи-учеснички да создаваат заеднички проекти и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија и да ги имплементираат таквите иницијативи.

## Вести од ЕЦМП НВО Мрежата

**6 Март**
**ЕЦМП Регионална канцеларија Скопје**
**Обука на техничките асистенти**



Техничките асистенти од сите шест ЕЦМП Регионални НВО ресурсни центри во Македонија присуствуваа на еднодневна работилница за административно-финансиско работење на Регионалните центри. Обуката ја водеше персоналот на ЕЦМП Регионалната канцеларија и беа опфатени сите аспекти неопходни за правилно функционирање на центрите.
E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**24 Март**
**Младински културен центар-Битола**
**Четврта работилница од проектот Младински мултикултурни иницијативи**
На оваа работилница од проектот кој е поддржан од Европскиот центар за малцински прашања, НВОи членки ги презентираа предлог проектите кои ќе бидат вклучени во годишната програма на Мрежата. Според дневниот ред на работилницата следните прашања беа дискутирани: подкопчето на веб страната на ЕЦМП за ММИ мрежата и неговата содржина, одржливоста на мрежата и потенцијални извори за финансирање. Исто така беа воспоставени критериуми за прием на нови членки и беше избрано седумчлено Координативно тело, во чии рамки се формираа три тимови: за развивање на Акциониот план, за прибирање на



средства и за идентификување на нови членки. Сите планови ќе бидат развиени до 13ти април, за кога е закажан состанок на Координативното тело.
E-mail: mkcbt@mt.net.mk

## Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри

**14 Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Центар Тетово**
**Координаторот на ЕЦМП центарот во Тетово учесник на студиското патување во Украина**
Во периодот од 07-14 март 2003, Блерим Јашари, координатор на ЕЦМП Регионалниот НВО ресурсен центар Тетово, учествуваше на студиско патување во Украина во организација на Британскиот оддел за меѓународен развој (DFID) и Технички совети и развојни услуги (TADS) и двете од Велика Британија,а во

рамките на проектот кој ќе се спроведува во Македонија насловен како Сервис за информации и совети на граѓаните (CAIS).
Целта на студиското патување беше да се запознаат учесниците со Центрите за информирање на граѓаните и поблиско запознавање со нивната работа со цел по истиот модел да се формираат такви центри во Македонија кои ќе служат за информирање и советување на граѓаните пред се од областа на правото. Овој проект во Македонија ќе се имплементира во текот на четири години.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**15 Март**
**ЕЦМП Регионален Центар Гостивар**
**Промена на просториите на ЕЦМП центарот во Гостивар**
ЕЦМП центарот во Гостивар ги промени просториите во коишто беше сместен во изминатата година. Новите простории се лоцирани на ул. 18ти ноември бр. 37а во центарот на Гостивар. Новиот телефон за контакт е 042 212 273. E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**24 Март**
**ЕЦМП Регионален Центар Штип**
**Трибина – Дали постои полициско насилство во Штип/Македонија?**
Во организација на членките на штипскиот регионален центар на ЕЦМП, во просториите на Собранието на општина Штип се одржа трибина на тема „Дали постои полициско насилство?“ Предавачи на оваа трибина беа Златко Сарев, правен советник и Шенај Османов од Здружението за заштита на правата на Ромите. На трибината модерираше Александра Бојаџиска. Во својата презентација г-дин Сарев ги претстави правата и слободите на граѓаните, историјатот на Универзалната декларација за човекови права, Уставот на Република Македонија како и Европската конвенција за заштита на човековите права. Во продолжение ја презентира моменталната ситуација со проблемот на полициско насилство во Македонија и механизмите и институциите кои работат на оваа проблематика. По завршувањето на на неговата презентација г-дин Османов изнесе конкретни случаи за полициско насилство, а на кои работи Здружението за заштита на правата на Ромите од Штип. Присутните беа запознати каде може да се обратат во случај на полициско насилство т.е. да добијат правна помош. На трибината присуствуваа претставници на НВОи, локалната самоуправа, владини институции и граѓани како и претставници на локалните медиуми.
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk

## Вести од членките на Мрежата

**5 Март**
**Сојуз на албанската жена на Македонија – огранок Битола**
**Трибина „Трговијата со луѓе-најопасно зло“**
Како дел од проектот „Меѓуетнички женски форум“, финансиран од Европскиот центар за малцински прашања, во просториите на хотел „Епинал“, пред голем број претставници на НВОи и заинтересирани граѓани ја организираа трибината на која се дискутираше за трговијата со луѓе. Предаваши на трибината беа претставници на Кризниот центар „Надеж“ од Скопје, г-ѓа Тодорка Петрова и г-дин Пепи Симеонов. Сите присутни беа едногласни во своите ставови дека трговијата со луѓе, особено со жени, проституцијата и дрогата се најголемото зло кое подеднакво го чувствуваат сите без разлика на верската и националната припадност.
E-mail: sazm-bt@mt.net.mk

**7 Март**
**Здружение за образование, култура, екологија и хуманост „Милениум“**
**Четврто издание на Младинскиот магазин „Графити“**
Тројазичното списание за млади (турски, албански и македонски јазик) е наменето за младите од Гостивар и гостиварско, а овој број е издаден со поддршка на Европскиот центар за малцински прашања.
Целта на издавањето на списанието е придонес во подобрувањето на меѓуетничките односи кај младата популација не само во регионот на Гостивар туку и на територијата на целата држава преку поширока дистрибуција на списанието. Во содржината на списанието се опфатени теми и прашања кои се заеднички за сите млади кои делат исти проблеми, сонуваат за демократијата, го сакаат спортот и музиката.
E-mail: mngo@post.com

**10 Март**
**Асоцијација за напредок, едукација и лобирање – НЕЛ**
**Учество на семинар за младински активности во Италија**
Во организација на Националната агенција за млади на Италија во периодот од 3ти до 9ти март во Капачио, Италија претставници на 36 НВОи од Европа меѓу кои и претставник на НЕЛ учествуваа на семинарот за младински активности. Целта на овој семинар беше да




се придонесе во воспоставувањето на долготрајно партнерство помеѓу земјите на Југисточна Европа и Западна Европа на полето на неформално образование. Учесниците во текот на семинарот изработија четири краткорочни и еден долгорочен проект.
E-mail: nel@winning.com

**30 Март**
**Сојуз на албанската жена на Македонија – огранок Гостивар**
**Работилници – „Рак на грлото на матката“ и „Тумори на телото на матката“**
Како дел од проектот „Здравствена едукација на жената“, во текот на месец март се одржаа четири работилници во Гостивар и во селото Долна Бањица на кои жените Албанки и Турчинки се едуцираа за заболувањата на матката. Како предавач на работилниците беше ангажирана гинекологот д-р Ханифе Сејфулаи. Сите четири работилници беа посетени од 135 жени. Партнер организација за имплементација на овој проект кој е поддржан од Европскиот центар за малцински прашања е Организацијата на турската жена „Матукат“ од Гостивар.
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**30 Март**
**Асоцијација за напредок, едукација и лобирање – НЕЛ**
**Работилници – „Семејно насилство? – Да, постои!“**
Како дел од проектот за семејното насилство, поддржан од Европскиот центар за малцински прашања, а имплементиран од Асоцијацијата за напредок, едукација и лобирање во соработка со Здружението на жени „Романи Асвин“ и Организација на потрошувачи на Македонија – огранок Штип организирани се шест еднодневни семинари во Штип и во руралните средини.
Целта на овие семинари е да се подобри положбата на жената во семејството и заедницата воопшто, а воедно да се преземат мерки за превенирање на појавата на семејното насилство. Како заклучоци кои се наметнаа од одржаните семинари се зајакнато лобирање кај владините институции и отворање на С.О.С телефон и телефон за правна помош. E-mail: nel@winning.com



**30 Март**
**Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“**
**Семинар на тема „Соработка меѓу училиштата и семејствата“**
Дводневниот семинар како една од активностите на проектот „Соработка меѓу училиштата и семејствата“ беше реализиран во Охрид, со 27 учесници претставници на училишниот одбор, советот на родители и родители на учениците од ОУ „Братство-единство“ од Гостивар. На семинарот се разгледуваа прашања кои се однесуваат на релациите родители-дете-наставници, како и релациите кои се воспоставуваат во самото училиште. Беа разгледани и пречките за воспоставување на правилна комуникација во училиштето. Родителите се истакнаа со свое активно учество и давање на предлози и сугестии кои би придонеле во подобрувањето на соработката со училиштата.
E-mail: mesecina@mt.net.mk

**30 Март**
**Балканско здружение за пријателство и соработка**
**Подготовки за отворање на Младински центри во Македонија, Албанија и Црна Гора**
Во рамките на проектот „Младински мозаик“ кој се имплементира во партнерство со образовни институции од Битола, Корча и Подгорица, се прават последните подготовки за официјално отворање на

Младински центри во трите градови. Во иницијалната фаза по отворањето на центрите учениците и наставниците користејќи интернет комуникација ќе се претставaт себе си, нивните училишта и градови вклучени во проектот. Понатаму ќе следува реализација на различни информативни и едукативни активности: семинари, интерактивни работилници базирани на проект-ориентирано учење, трибини, јавни и културни настани. Планирани се и летен камп и три семинари на кои учесниците ќе генерираат три младински акциони планови по еден за секој град.
E-mail: bafc@mt.net.mk

## Вести од Европскиот Центар за Малцински Прашања - Фленсбург

**31 Март**
**ЕЦМП Фленсбург**
**Финален извештај за Европската комисија за малцински јазици во Европа**
Финален извештај за поддршка на малцинските јазици во Европа. Носители на истражувачкиот проект: Франсоа Грин, ЕЦМП & Том Моринг, ЕБЛУЛ. Останати главни истражувачи: Дурк Гортер, Фриске Академија; Јохан Нагман, ЕБЛУЛ; Доналд О Риаген, ЕБЛУЛ; Мигел Штрубел, Универзитет Оберта де Каталуња Брисел: Европска комисија 242 стр.
Целта на овој извештај е да обезбеди неопходни инструменти за орјентција на Европската унија во давањето поддршка на лингвистичката разноликост. Ова прашање се адресира во поширок контекст и се карактеризира со постоење на други политики кои се водат на различни нивоа (национални, регионални, локални) со цел да се заштитат и промовираат регионалните и малцинските јазици.
http://europa.eu.int/comm/education/langmin/support.pdf

## Грантови

**Арастар Фондација – светски иницијативи**
Во овој момент фондацијата се има здружено и очекува статус за ослободување од даноци со цел да овозможува донации за иницијативи насекаде во светот. Целта на оваа фондација е е да ги елиминира предрасудите и дискриминацијата, да промовира конзервација на човековата околина и да помага на сиромашните, бедните и непривилегираните.
http://www.arastar.org

**Стефан Батори Фондација – Полска**
Целта на фондацијата е да поддржува широк вид на унапредување во полското општество, особено на полето на јавноста, информациите, културата, науката и образованието т.е. активности на овие полиња кои го адресираат развојот на слободен пазар и економија во Полска, како и здружување на народите и државите од централна и источна Европа.
http://www.batory.org.pl

**БНИ Фондација**
БНИ фондацијата е непрофитна програма која поддржува добротворни каузи секаде во светот. Нејзиниот советодавен одбор, составен од членови кои живеат на различни места во светот ги има избрано образованието и децата како теми од интерес на оваа фондација.
http://www.bni.org

**Картиџ Фондација – јавна политика**
Картиџ фондацијата своите грантови ги ограничува на програми кои адресираат прашања од областа на јавната политика поврзани со национални и меѓународни прашања. Нема географски рестрикции.
http://www.scaife..com/carthage.html

**Хранење на умовите**
Поддржува описменување, издаваштво, образование и други прашања во земјите во развој преку грантови.
http://www.feedtheminds.org

**Денис Мартинез Фондација**
Денис Мартинез фондацијата е непрофитна организација која се бори за развој на здрав и продуктивен живот за непривилегираните деца. Меѓународна фондација. www.dennismartinezfoundation.org

**Сара Скејф Фондација – јавна политика**
Грантовите на Сара Скејф фондацијата се примарно насочени кон програми на јавна политика кои адресираат големи домашни и меѓународни прашања. Нема географски рестрикции.
http://www.scaife.com/sarah.html

# Линкови

## I. Регионални и меѓународни организации

**Економски и социјален совет на Обединетите Нации**
Економскиот и социјалниот совет ја координира работата на 14 специјаизирани агенции на ОН, 10 функционални комисии и пет регионални комисии; добива извештаи од 11 фондови и програми на ОН и дава препораки на системот на ОН и земјите членки. Оваа комисија е одговорна за промовирање на повисок животен стандард, вработување и економски и социјален прогрес; идентификува решенија за меѓународни економски, социјални и здравствени проблеми; ја олеснува меѓународната соработка на полето на културата и образованието; го поттикнува универзалното почитување на човековите права и основните слободи. Делокругот на ЕКОСОК се протега на повеќе од 70% од човечките и финансиските ресурси во рамките на целокупниот систем на ОН.
http://www.un.org/esa/coordination/ecosoc/about.htm

**Европски младински центар Будимпешта**
Европскиот младински центар Будимпешта е резиденцијална едукативна установа на Советот на Европа.http://www.eycb.coe.int/

**Иницијатива за европска стабилност**
Иницијативата за европска стабилност е непрофитен институт за истражување и политика, формиран заради итната потреба од независност, длабочинска анализа на комплексните прашања кои вклучуваат промовирање на стабилноста и просперитетот во југоисточна Европа. Основана е во 1999 од страна на мултинационална група на практичари и аналитичари кои поседуваат огромно искуство во југоисточна Европа. Напорите на оваа иницијатива зависат од придонесот на владите, корпорациите и приватните индивидуалци кои ги финансираат нејзините активности.
http://www.esiweb.org/

**БОНД**
БОНД (Британски прекуокеански НВОи за развој) е најшироката мрежа на волонтерски организации од Велика Британија кои работат на полето на меѓународен развој (често именувани како невладини организации или НВОи). Целта на БОНД е да го подобри придонесот на Велика Британија во меѓународниот развој преку промовирање на размената на искуства, идеи и информации. За да го поддржи ова БОНД организира тренинзи, застапување и информативни услуги.
http://www.bond.org.uk/

**Институт за истражување на развојот**
Од 7ми мај 2002 година овој институт се интегрира со Светско Образование; непрофитна организација лоцирана во Бостон посветена на подобрување на животот на сиромашните преку економски и социјални развојни програми. Ова интегрирање доаѓа после долги години работење како „сестра“ организација за поддршка на еволуцијата на граѓанското општество. Како дел од Светското образование, овој институт ќе продолжи со своите истражувања, проширување на знаењето и градење на капацитетот и исто така ќе ги поддржува и вреднува тековните програми на Светското образование за граѓанското општество. Џејн Ковеј, поранешниот претседател на институтот ќе ја води оваа работа.
http://www.jsi.com/idr/

**Бретон Вудс Проект**
Бретон Вудс проектот функционира како вмрежувач, обезбедувач на информации, информатор за медиумите и надзорник во испитувањето и влијанието врз Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд. Преку соопштенија, извештаи и двомесечен преглед на најновите активности ги набљудува проектите, реформите во политиката и целокупниот менаџмент на Бретон Вудс институциите со посебен акцент на грижите од областа на човековата околина и социјалата.
http://www.brettonwoodsproject.org/

**Институт за глобални комуникации (IGC)**
Започнувајќи со работа во 1987 година, Институтот за глобални комуникации игра позитивна улога во донесувањето на напредните комуникативни технологии до невладините организации кои работат на терен низ целиот свет кои работат за мирот, човековите права, одржливоста на човековата околина, правата на жените, разрешување на конфликти и права на работниците.
http://www.igc.org/index.html

**Меѓународни пријатели на планетата Земја**
Меѓународните пријатели на планетата Земја е федерација на автономни еколошки организации од

целиот свет. Членките на оваа федерација од 68 земји работат заеднички на кампањи за подигање на свеста за најитните еколошки и социјални прашања на денешницата, истовремено катлизирајќи промени кон одржливи заедници.
http://www.foei.org/

**Меѓународен проект за буџет**
Меѓународниот проект за буџет на Центарот за буџет и приоритети во политиките им помага на невладините организации и истражувачи во нивните напори да ги анализираат политиките за буџетите и да ги подобрат буџетските процеси и институции. Овој проект посебно е заинтересиран да ги помага апликативните истражувања кои се користат во дебатите за тековните политики и истражувањата за ефектите на буџетските политики врз сиромашните. Главна цел на проектот е да ги направи буџетските системи повеќе да реагираат на потребите на општеството и во согласност со тоа да ги направи овие системи потранспарентни и поодговорни пред јавноста. Овој проект во прв ред работи со истражувачи и НВОи во земјите во развој или во новите демократии.
http://www.internationalbudget.org/

**Американски теренски сервис (АТС)**
Американскиот теренски сервис е меѓународна, волонтерска, невладина, непрофитна организација која обезбедува можности за интеркултурно учење и им помага на луѓето да го развијат нивното знаење, вештини и разбирање потребни за да се формира поправеден и мирољубив свет. АТС им овозможува на луѓето да се однесуваат како одговорни глобални граѓани кои работат за мирот и разбирањето во разноличниот свет. Тој признава дека мирот е динамичен концепт на кого му се закануваат направедноста, нееднаквоста и нетолерантноста. АТС се труди да ја афирмира вербата за достоинство и вредност на секое човечко суштество од сите нации и култури. Го поттикнува почитувањето на човековите права и фундаменталните слободи без оглед на раса, пол, јазик, религија или социјален статус. Активностите на АТС се засноваат на основните вредности на дигнитетот, почитување на разликите, хармонијата, чувствителноста и толеранцијата.
http://afsweb.afs.org/homepage.nsf?open

## II. Меѓународен менаџмент на конфликти

**Алијанса за меѓународно разрешување на конфликти**
Претходно позната под името Мрежа на организации за апликативно разрешување на конфликти (ACRON), оваа алијанса се роди на средбата на водечките практичари во разрешување на конфликти кој се одржа во Вашингтон, во март 1999. Од тој прв состанок оваа алијанса еволуира во динамична мрежа од над 25 организации активно ангажирани во активностите за градење на мирот насекаде низ светот.
http://www.a-icr.org/

**ЦМ Партнери**
Оваа организација го претставува тимот на водечките светски експерти и практичари на полето на преговарање пред глобалната заедница на клиенти и партнери. Консултантските и тренинг услугите на ЦМ Партнери ги адресираат прашањата на сојузите, управувањето со проектите и продажбата во глобалната бизнис околина која се карактеризира со зголемена меѓузависност. Тие ги советуваат и обучуваат организациите и индивидуалците за преговарање, менаџмент на конфликти и за процесот со кој тие управуваат со критичните надворешни и внатрешни односи.
http://www.cmpartners.com/

**Креативно разрешување на конфликти**
Оваа публикација направи извонредна работа во демонстрирањето на ефективноста на преговарањето и посредуањето во решавањето на конфликтите. Првите два дела може да бидат многу корисни за меѓучовечките комуникации во средните училишта, факултетите, па и надвор од образовните институции, додека вторите два дела најверојатно ќе бидат најкорисни за одговорните во власта, зајакнување на правото и правниот систем за малолетници.
http://www.triune.ca/rcc.htm

**Процес на посредување, Резиме од Тања Глејзер, рецензент**
На оваа страна може да се најде резимето на книгата „Процес на медијација“ од Кристофер Мур. Мур ги дискутира различните улоги на медијаторите-посредниците и стратегиите за посредување. Тој обезбедува преглед на процесот на медијација од пред преговарање до постигнување на договор.
http://www.colorado.edu/

**“Intergroup” – Тематско издание на CR Info**
Ова издание овозможува брзи линкови до извори кои адресираат конфликти поврзани со идентитетот, раса/етнос и религија/верување. Разрешување на конфликти кај бегалци, имиграција и човекови права се исто така присутни како линкови.
http://www.crinfo.org/intergroup/index.cfm

**Вовед во менаџмент на конфликти во училиштата**
Оваа статија го дефинира терминот „менаџмент на конфликти“, ја дискутира филозофската позадина на програмата за менаџмент на конфликти и обезбедува вовед во начините на кои наставниците можат да го инкорпорираат менаџментот на конфликти во нивната програма и стил на предавање. Во продолжение оваа статија презентира и листа на училишта кои веќе имплементирале програми за менаџмент на конфликти.
http://www.state.oh.us

**Проект за семејно групно донесување на одлуки: Напредок во разрешувањето на насилството и промовирање на благосостојба**
**Од Џоан Пенел и Гејл Бурфорд**
Оваа страна нуди преглед на моделот развиен од страна на Мемориал Универзитетот. Овој модел е дизајниран да им помогне на семејствата во справување со насилството (злоупотреба или нерижа) и промовирање на благосостојбата. Моделот ги вклучува семејствата, проширените семејства и заедницата во користењето на стратегиите за интервенција. Страната исто така вклучува и прирачник за примена на овој модел.
http://social.chass.ncsu.edu/jpennell/fgdm/index.htm

## III. Генерални извори на човекови права

**Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жените**
Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (CEDAW), усвоена во 1979 од страна на Генералното собрание на ОН, често се опишува како меѓународен закон за правата на жената. Се состои од преамбула и 30 члена во кои се дефинира што содржи дискриминацијата на жените и воспоставува агенда за национални акции со цел елиминирање на оваа дискриминација.
http://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/index.html

**Worldview Rights**
Worldview Rights е независно тело кое функционира од Норвешка и соработува со Worldview Group. Оваа организација е во можност да формира уникатен компетентен тим од нејзиниот персонал – новинари за водење на проекти од областа на медиумите и демократијата, како додаток на постоечките мрежи на новинари на регионално и меѓународно ниво.
http://www.worldviewrights.org/

**EarthRights International**
EarthRights International (ERI) е непрофитна, невладина организација која ја комбинира моќта на законите и моќта на луѓето во одбраната на човековите права и човековата околина, нашите права на земјата. Првата на планетата земја се оние кои демонстрираат поврзаност помеѓу човечката благосостојба и околината, правото да се зборува и да се дејствува за да се заштити човековата околина и вклучување на правото за здрава човекова околина и право да се учествува во донесувањето на одлуки за развојот на околината.
http://www.earthrights.org/

**Меѓународна лига за човекови права**
Меѓународната лига за човекови права работи на зачувување на човековите права на прв план во меѓународните односи и да им даде смисла и ефект на вредностите на човековите права кои се затворени како во светилиште во меѓународните договори и конвенции. Веќе 60 години, мисијата на лигата е одбрана на индивидуалните бранители на човековите права кои ги ризикувале нивните животи во промовирањето на идеалите на праведно граѓанско општество во нивните земји.
http://www.ilhr.org/

**Вовед во застапувањето: водич за обука**
Овој водич за обука дава вовед во концептот за застапување и обезбедува рамка за развивање на кампања за застапување. Иако е дизајниран за водење на работилница, неговата структура овозможува и индивидуално користење. Поделен на 12 модули, водичот презентира генерални информации, при што корисникот треба да го употреби своето искуство за да одговори на прашањата поврзани со темите кои се обработуваат во секој модул а кои ја сочинуваат суштината на обуката за застапување.
http://www.hrea.org/erc/Library/organisational_development/sara_en.pdf

**Градење на капацитетот за човекови права и застапување**
Извештај за проектот за градење на капацитетите во Етиопија, Еритреја, Џибути и Сомалија кој вклучува научени лекции за тоа како НВОи за човекови права, женските групи и останатите можат да развијат ефикасна стратегија за застапување користејќи домашни и меѓународни стандарди за човекови права. Исто така, вклучува препораки за тоа како може да се зајакнат владините агенции за човекови права.
http://www.sit.edu/global_capacity/gpdocs/methodology/human_rights.html

**НВО водич за Комитетот за човекови права при ОН**
Целта на овој краток водич е да им овозможи на НВОи основно и практично разбирање за работата на Комитетот за човекови права, тело на ОН кои ги мониторира и набљудува политичките и граѓанските права. Водичот нуди објаснувања чекор по чекор за тоа како функционира овој комитет и како НВОи можат да соработуваат со него. Во него е вклучена и Меѓународната конвенција за граѓански и политички права.
http://www.lchr.org/ngo/ngoguide/final.htm

**Жените и човековите права**
Овој комплет се состои од два модули за правата на жените и кршење на правата на домашните работници. Вклучува делови за статусот на жената во Индија, жените во движењата за човекови права, позадински информации за ситуацијата на домашните работници, препораки за групни активности.
http://www.hrschool.org/mainfile.php/modules/177

**Образование за човекови права во училиштата во пост комунистички контекст**
Оваа статија ги опишува првичните искуства од воведувањето на образованието за човекови права во посткомунистичките земји во централна и источна Европа, посебно во Романија.
http://www.hrea.org/pubs/european_journal94.html

Се надеваме дека ова петтнаесето издание на информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист. ЕЦМР Проектот во Македонија е финансиран со великодушна поддршка на:

The Royal Norwegian Foreign Ministry

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

British Embassy Skopje

Sida

Ако имате било какви коментари или предлози за подобрување на овој информатор, ве молиме контактирајте со Марија Нашоковска на: nashokovska@ecmingonet.org.mk.

## ЕЦМП РЕГИОНАЛНИ НВО РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ

ЕЦМП Регионален Центар Скопје
Адреса: Дрезденска # 9, Скопје
Телефон/Факс: 389 (0)2 391 451
E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk
Лице за контакт: Гордана Цветкоска

ЕЦМП Регионален Центар Куманово
Адреса: Локалитет Гарнизон 1/1-2
Телефон / Факс: 389 (0)31 425 456
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Елена Петковска

ЕЦМП Регионален Центар Битола
Адреса: Јосиф Христовски 4/4, Битола
Телефон / Факс: 389 (0)47 236 874
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Снежана Дамчевска

ЕЦМП Регионален Центар Гостивар
Адреса: 18ти Ноември 37а, Гостивар
Телефон / Факс: 389 (0)42 212 273
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Небија Исмаили

ЕЦМП Регионален Центар Штип
Адреса: Ванчо Прке 62/3-2, Штип
Телефон / Факс: 389 (0)32 382 510
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Татјана Николовска

ЕЦМП Регионален Центар Тетово
Адреса: Илинденска 97, Тетово
Телефон / Факс: 389 (0)44 339 031
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Елвира Муртезани

Европски центар за малцински прашања
Регионална канцеларија Скопје
Ул. Дрезденска бр.9, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0)2 3091 451; 3091 452
Факс: +389 (0) 2 3091 453
E-mail:ecmimkd@ecmingonet.org.mk
www.ecmingonet.org.mk
www.ecmi.de